# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ) СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ: МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, ТАЛЕНТ МЕНАЏМЕНТ, СИНЕРГИРАЊЕ И ВОДСТВО НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 23.08.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно-научната област (дисциплина) област 50622 Управување (менаџмент) со човечки ресурси за наставните предмети: Менаџмент на човечки ресурси, Талент менаџмент, Синергирање и Водство и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-25/7, донесена на 22.09.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Драган Груевски, редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии, Битола, Д-р Љупчо Кевереске – редовен професор на Педагошки Факултет, Битола и Д-р Менде Солунчевски – вонреден професор на Меѓународен Славјански Универзитет Г. Р. Државин, Св. Николе;

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси за наставните предмети: Менаџмент на човечки ресурси, Талент менаџмент, Синергирање и Водство, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, доц. д-р Марија Котевска-Димовска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Марија Котевска-Димовска е родена на 10.09.1960 година, во Битола. Средно образование завршила во Битола гим. „Јосип Броз Тито". Со високо образование се стекнала на Филозофскиот факултет на отсекот за психологија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, во 1985 година.

Во 2000 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Селекција при вработување со помош на психолошки тестови*, на катедрата за Менаџмент на ИСППИ, Универзитетот „Св Кирил и Методиј" - Скопје.

Дисертацијата на тема: *Поврзаност на емоционалната интелигенција со стиловите на раководење во образовните институции* ја одбранила во 2012 година, на Педагошкиот факултет, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, пред Комисија во состав: проф. д-р Добри Петровски, проф. д-р Љупчо Кеверески, проф. д-р Јове Димитрија Талевски, проф. д-р Бојо Колонџоски, и проф. д-р Методија Стојановски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки.

Доц. д-р Марија Котевска-Димовска била учесник во национален научен проект „Македонски таленти“ во организација на Владата на Р. Македонија, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието (2012); во проектот: „Едукација на родители и наставници за рано откривање и превенција од зависности“ во орнанизација на НО „Ревита“- Битола (2013); во меѓународен проект на Македонска асоцијација на надарени и талентирани – Скопе за Развој на емоционалната интелигенција на менаџерите, (2015), како и во едукативниите проекти: „Стес менаџмент“ 2014 и „Тим билдинг и обука на вработени“, во организација на АД ЕЛЕМ, Скопје (2016). Исто така учествува во реализирање на меѓународна програма „Развој на унапредување на професионалните и личните емоционални компетенции на менаџерите, од потенцијал до талент“, организиран од МАНТ- Скопје и Друштво на психолози – Задар (2017).

Кандидатката Котевска-Димовска во 2013 година има одржано предавање за менаџирање со човечки ресурси на покана на ФАМИС Факултет за јавна администрацијаво Битола.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Марија Котевска-Димовска активно е вклучена во стручно - апликативната работа на Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје.

Активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи,

- Кандидатката е член е во 5 Рецензентски комисии за избор во звање;
- Член на Етичка комисија на Македонското научно друштво Битола
- Член на Надзорниот одбор во Македонска асоцијација на надарени и талентирани– МАНТ
- Член на Основачко собрание на Здружение за развој и психотерапија АНИМА
- Член на Национална организација за Гешталт терапија – МНАГТ, која е член на Европската асоцијација за Гешталт терапија,
- Член на Македонска асоцијација за Психотерапија - МАП, која е член на Европската асоцијација за психотерапија,
- Член во комисија за посредување при вознемирување на работно место, ЕЛЕМ
- Член во комисија за изведување практична настава, ЕЛЕМ

Кандидатката е добитник е на 30 Сертификати за учества на Конференции, трибини, работилници, курсеви и семинари.

Активно учествува како автор, модератор и гостин на голем број трибини, форуми радио/ТВ емисии, списанија, магазини, весници итн. Автор е на над 100 статии во списанијата: „Его“; „Просветно дело“; „Цивитас“; „Факултети мк“; „Дневник“ и др.

Особен придонес има во областа на консултантството за водството, менаџирањето со човечки ресурси и развој на лични и професионални копетенции, при што има одржано бројни обуки (околу 30) за потребите на стопанските и нестопанските дејности. Во рамките на проектите на АД ЕЛЕМ Скопје: „Стес менаџмент“ (2013-2014) и „Тим билдинг и обука на вработени“ (2015/2016), учествува во реализација на обуки со вработените на теми: Тим билдинг, Менаџирање и стрес на работно место, Спознавање и развој на личните капацитети, Развој на емоционалната интелегенција

Институтот за менаџмент Битола и ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси за наставните предмети: Менаџмент на човечки ресурси, Талент менаџмент, Синергирање и Водство.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, доц. д-р Марија Котевска-Димовска да биде избрана во наставно – научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно – научната област (дисциплина) Управување (менаџмент) со човечки ресурси за наставните предмети: Менаџмент на човечки ресурси, Талент менаџмент, Синергирање и Водство.

Битола,
03.11. 2017

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Драган Груевски, редовен професор;

______________________________

2. Д-р Љупчо Кеверески, редовен професор;

______________________________

3.Д-р Менде Солунчевски, вонреден професор;

______________________________